МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**Република Македонија**
**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
**бул. „Јане Сандански“ бр. 109-А**
**1000 Скопје**

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 08 - 2824/2
06-04-2015 год.
СКОПЈЕ

ОА-ЗП-ОСКЗ-02

До:
Министерство за труд и социјална политика на РМ
ул. „Даме Груев“ бр. 14, 1000 Скопје

## Известување

Почитувани,

Врз основа на член 8 став 4 и член 15 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/2012 и 166/2014), како и согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 46 од 23.03.2015 година), Општина Аеродром го доставува пополнетиот образец „Годишен извештај за работа на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа“ за 2014 година во Општина Аеродром со статистички податоци разделени според пол.

Наведениот извештај претходно беше разгледан и усвоен од членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Аеродром и истиот Ви го доставуваме во прилог на овој допис.

**Изготвил:**
Координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром
Помлад соработник за култура
Јелена Пејановиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
СКОПЈЕ II

| Примено: | 07-04-2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

**Контролирал:**
Раководител на Одделение за образование, спорт и култура
Мери Ајдаровска

**Одобрил:**
Секретар на Општина Аеродром
Ана Ристевска

**Градоначалник на**
**Општина Аеродром**
**Ивица Коневски**

Дата, 01.04.2015 година

Прилог:

- Пополнет образец „Годишен извештај за работа на координаторот за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа“ за 2014 година во Општина Аеродром со статистички податоци разделени според пол;
- Копија од Записник од седницата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите со број 09-140/1 од 31.03.2015 година;
- Акциски план за еднакви можности на жените и мажите на Општина Аеродром за 2014 година;
- Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2014 година со Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештајот („Службен гласник на Општина Аеродром“ бр.3 од 24.02.2015 година);
- Копии од пет Записници од седници на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржани во текот на 2014 година со броеви: 07-21/1 од 27.02.2014 година; 07-89/1 од 04.04.2014 година; 07-108/1 од 18.03.2014 година; 07-165/1 од 08.05.2014 година и 07-537/1 од 09.12.2014 година.

**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

---

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Аеродром |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Јелена Пејановиќ, помлад соработник за култура во Одделение за образование, спорт и култура и Координатор за еднакви можности на жените и мажите |
| **Период на известување** | Од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 01.04.2015 година |

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**
Ивица Коневски, градоначалник на Општина Аеродром
**Дата,** 01.04.2015 година

**Потпис:** ____________________

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :**

**Потпис:**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

| |
|---|
| **2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**<br>**А) Позитивни**<br>**Б) Охрабрувачки**<br>**В) Програмски**<br>Општина Аеродром нема усвоено План за основни и посебни мерки, но има работено на проекти и реализирано активности во текот на 2014 година. |
| **2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**<br>Нема. |
| **2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**<br>Нема. |
| **2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])<br>Нема. |
| **2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**<br>Нема. |
| **2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС:**<br>Нема. |
| **2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**<br>Нема. |
| **2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**<br>Нема. |
| **2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**<br>Нема. |

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програми мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

**2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**

Здруженијата и организациите на жените се известувани за сите активности и настани кои се случуваат во Општината, со цел да жените повеќе учествуваат во нив, да се обучат и охрабрат за поголема иницијативност и слично.

Општината е вклучена во два проекти кои се реализираат во соработка и со финансиска поддршка од UN Women, UNICEF и Македонско женско лоби.

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**

*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**

*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Во прилог се доставени статистичките податоци разделени според полот, кои се однесуваат за Општина Аеродром за 2014 година (за општинската администрација, членовите на Советот на Општината, основните училишта, градинките и за жителите на Општина Аеродром). Истата база секоја година се ажурира и дополнува со нови податоци.

**2.12.Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

Да.

**2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

Општина Аеродром во текот на 2014 година беше вклучена во активности во два проекти од областа на еднаквите можности на жените и мажите, кои продолжуваат и во 2015 година и тоа:

- **Програма за менторирање** – Од септември 2014 година е отворен Центар за ран детски развој „Слонче" во ПОУ „Гоце Делчев" во Долно Лисиче во соработка со Македонско женско лоби, кој работи во состав на ЈУДГ „Буба Мара". Општина Аеродром го отвори Центарот во соработка со УНИЦЕФ, во рамки на иницијативата „Првите 5 се најважни на свет".

- UN Women ја вклучи Општина Аеродром како пилот-општина во **Регионалниот проект за *„Промоција на Родово одговорни политики и буџети во југоисточна Европа"*** *(втора фаза)*, а во јуни 2014 година беше потпишан меморандум за разбирање помеѓу UN Women и Општина Аеродром. Проектот ќе трае до 2016 година, а се однесува на зајакнување на локалните механизми и капацитети за имплементација на локалните и национални стратешки документи во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање.

Во врска со тоа, беа извршени повеќе активности и анализи, како и *„Проценка на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво – родово буџетска анализа на програми на ЕЛС"*, конкретно Општина Аеродром ја достави за анализа Програмата за образование за 2014 година. Општината го пополни Прашалникот со кој се анализираше стратешкото планирање на општината, процесот на планирање на годишните програми на Општината, анализа на процесот на буџетирање на годишните програми, анализа на спроведувањето на програмите, извршувањето на буџетот и сл. Во текот на месец ноември 2014 година беа одржани два состаноци на стручните лица кои ги вршеа анализите и претставниците од општинската администрација кои работат во различните сектори и различни области, со што беше спроведено *„Мапирање на партиципативните процеси во рамки на локалната самоуправа со фокус на родовата еднаквост"*. Состаноците се водеа на тема *„Начини на вклучување на надворешните страни во работа на институции и/или организации"*, односно, се разгледуваа начините на кои локалната самоуправа ги вклучува граѓаните и различните правни субјекти во процесите на одлучување, изготвување на програмите, буџетот, како и степенот на транспарентноста во работата на општината и начинот на кој таа ги информира граѓаните за активностите што се случуваат на нејзината територија.

Други активности и настани кои се реализираа во Општина Аеродром во 2014-та година:

- 28.04.2014 година – работилница од областа на раниот детски развој на тема „Права од детскиот развој и заштита на децата" во Сала на Совет во Општина Аеродром. На работилницата присуствуваа мајките на децата кои одат во Центарот за ран детски развој, а предавач беше г-ѓа Неда Коруновска од истражувачката агенција НВО „Реактор". Работилницата е реализирана во рамките на проектот Програма за менторирање, со поддршка на Македонско женско лоби.
- 17.05.2014 година – Бесплатна утринска јога во природа. Во еден од парковите во Општина Аеродром јога клубот „Тара" организираше бесплатен јога час, наменет за сите заинтересирани лица без оглед на возраст или пол, но пред сѐ за жените.
- 26.06.2014 година – Работилница за женско претприемништво со фокус на маркетинг во Сала на Совет во Општина Аеродром, предавач г-ѓа Виолета Николова Манчевска од Центар за жени претприемачи.
- 27.06.2014 година – Работилница за можностите и условите за користење на мерките за самовработување предвидени од Владата на РМ, предавачи се двајца претставници од Агенцијата за вработување на РМ.
- 31.08.2014 година во паркот со авион „Аеродром" во Ново Лисиче, фитнес клубот „Фит уан" во соработка со Општина Аеродром организираше бесплатен ЗУМБА фитнес час. Овој забавен час беше наменет за сите граѓани на Општината, без оглед на возраст и пол, но пред

сè за жените.

- 04.09.2014 година - едукативна работилница на тема „Најзначајните информации за бременоста и породувањето" во просториите на Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз", во организација на Здружението за грижа и едукација на бремени жени, мајки и деца „Лулка".
- 19.11.2014 година – Работилница за менторска програма на тема: „Стекнување на знаења со деловниот сектор со цел развивање претприемништво кај жените" во Центарот за ран детски развој „Слонче" (во ПОУ „Гоце Делчев" во Долно Лисиче), предавач м-р Ирена Мишева.
- 22.12.2014 година – последна стратешка работилница за проблемите со кои се соочуваат жените во Долно Лисиче, нивните потреби и можни решенија, во рамките на менторската програма во Центарот за ран детски развој „Слонче" (во ПОУ „Гоце Делчев" во Долно Лисиче), предавач г-ѓа Лилјана Поповска.
- Одбележување на значајни меѓународни денови и датуми, поврзани со областа на родовата еднаквост, заштита од дискриминација, човекови права, грижа за женското здравје и слично. Октомври е месец посветен на подигнување на свеста на жените за борба против ракот на дојка и на истакнување на превенцијата и раното откривање на болестите кај женската популација. Освен тоа, 18-ти октомври е Светски ден на полесно справување со менопаузата, а 20-ти октомври е Светски ден на остеопорозата. Со редовни прегледи, рекреација, соодветна терапија и исхрана, жените можат да го подобрат квалитетот на својот живот. Општината се приклучи и кон кампањата на Обединети нации „Обој го светот во портокалово за 16 дена" и облечи портокалова боја, со цел да се одбележи Светскиот ден за борба против насилство врз жените – 25-ти Ноември, бидејќи секое развивање на свесноста за одреден проблем е првиот чекор кон негово искоренување. Овие датуми беа одбележени со пишување написи на веб-страницата и во општинскиот весник.
- Одделението за локален економски развој во Општина Аеродром, во текот на 2014 година, организираше повеќе различни видови обуки од различни области (програми за самовработување, започнување сопствен бизнис, жени претприемачи, електронско банкарство, мали и средни претпријатија, успешни комуникации, односи со јавност, управување со стрес, конфликти, мобинг и слично). Овие обуки беа наменети за сите граѓани на Општината, пред сè за невработените лица, а предавачи беа стручни лица од НВО „Профицио", НВО „Линк Акрос", Агенцијата за вработување на РМ и други. Известувањата за сите овие активности беа проследени и до организациите на жени, со цел што помасовно да се вклучат на обуките.
- Објавување написи на официјалната веб-страница на Општината и во општинскиот весник со цел преку промовирање на Законот за еднакви можности на жените и мажите, граѓаните да се информираат и запознаат со своите законски права, како и да се запознаат со активностите кои се одвиваат во општината.
- Општината логистички поддржа здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост, при организирањето на активностите со обезбедување просторни услови и медиумско промовирање на настаните преку веб-страницата и фан-страницата на Општината, весникот и сл.
- Координаторот за еднакви можности на жените и мажите постојано комуницираше со одговорните лица во Министерството за труд и социјална политика, здруженија на граѓани и жени, невладини организации, како и со Комисијата за еднакви можности (КЕМ), која одржа 5 седници, согласно потребите во текот на работата.
- Координаторот и членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествуваа на конференции, седници на КЕМ во Собранието на РМ, промоции и слично, на кои се здобија со информации и знаења во областа на родовата еднаквост.
- Координаторот за еднакви можности на жените и мажите води база на статистички податоци за Општината, разделени според полот и истите на крајот на годината ги ажурира.

**б) кои резултати се постигнати согласно Акциskиот план**

Реализирани се поголем дел од активностите предвидени во годишната програма и акцискиот план за 2014 година. Активностите се претходно наведени.

| |
|---|
| **в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>Не може да се определат аутпут индикатори за сите активности кои се реализирани во текот на 2014 година, како на пример за написите за одбележување на значајни датуми, објавени на веб-страницата на Општината, во весникот и слично. Некои настани и работилници беа помасовно посетени од граѓаните (на пр. помасовно присуствуваа мајките на децата кои престојуваат во Центарот за ран детски развој на работилниците кои беа организирани преку менторската програма), а некои беа посетени во помал број. Пред да се отвори Центарот за ран детски развој „Слонче“, беше спроведено анкетирање на жителите во Долно Лисиче со цел да се процени дали има интерес да нивните деца престојуваат во Центарот и бидејќи имаше интерес, Центарот беше отворен и во него сега престојуваат 26 деца на предучилишна возраст.<br><br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината, а колку од донации?**<br>За активностите и настаните кои беа реализирани во текот на 2014 година, од Буџетот на Општина Аеродром не се потрошени финансиски средства, односно активностите беа реализирани во соработка со Македонско женско лоби, UNICEF и UN Women со кои се реализираат два проекти и ќе продолжат во текот на следната година. Останатите активности беа реализирани без финансиски надоместок за физичките и правните лица кои беа вклучени во нив како предавачи. |
| **2.14.Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Со допис број 29-8150/2 од 20.11.2014 година, Општина Аеродром го извести Министерството за труд и социјална политика-Сектор за еднакви можности дека делокругот на работата и задачите на координаторот се утврдуваат со актот на систматизација на работните места во Општината. |
| **2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**а) слушател/слушателка**<br>**б) обучувач/обучувачка**<br><br>Координаторот во текот на 2014 година не посетувал обуки, работилници и семинари од областа на еднаквите можности на жените и мажите. |

2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**

- 5-6.11.2009 година - хотел „Романтик" Велес – УНДП и МТСП - Обука „Изготвување на локални акциски планови за внесување на родовата рамноправност во главните текови на локалните политики";
- 30.11.-1.12.2009 година - хотел Карпош-Скопје – УНДП и МТСП - Обука „Финализирање на локалните акциски планови за имплементирање на родовиот концепт во локалните политики и програми";
- 28.04.2010 година - Во Скопски саем–Управна зграда – Хелсиншки комитет за човекови права на РМ - Работилница на тема: „Развивање индикатори и буџетирање";
- 23.09.2010 год. и 25.10.2010 год. - Скопски саем–Управна зграда - Хелсиншки комитет за човекови права на РМ - Работилница на тема: „Претставување на индикатори за мерење на дискриминацијата на локално ниво";
- 18.10.2010 година - Центар за истражување и креирање политики – ЦИКП и Град Скопје - Обука „Воведување родов аспект во креирањето на локалните политики";
- 24.11.2010 година - хотел „Холидеј Ин" - МТСП и ДКЗД - Регионална работилница „Унапредување на меѓу-институционалната соработка при постапување во случаи на дискриминација" (промоција на правниот застапник);
- 05 и 06.10.2011 година - хотел „Бест Вестерн" Скопје – МТСП - Семинар „Родово буџетирање – Нова алатка за подобро искористување на јавните финансии";
- 20.11.2012 година - хотел „Арка" Скопје – Хелсиншки комитет за човекови права на РМ - Работилница „Препознавање и механизми за заштита од дискриминација";
- 08.03.2013 година - Клуб на пратеници Скопје – МТСП - Обука за имплементирање на Стратегијата за родово одговорно буџетирање;
- 19-20.09.2013 година - Клуб на новинари-Дуна-Скопје - WYG International Ltd со предавач од Словенија - Програма за обука 2 „Креирање на можности за вработување за маргинализираните жени на локално ниво";
- 10.10.2013 година - Општина Центар – МТСП - Обука „Законодавна рамка и стратешки документи за еднакви можности и недискриминација";
- 21-22.10.2013 година - хотел „Континентал" Скопје – Британски совет и МТСП - Обука за „Концептот на недискриминација и имплементација на националната стратегија за еднаквост и недискриминација врз етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и врз полова основа".

2.17. . **Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете**

Усно пренесување на информации на претпоставените во врска со новите сознанија и активностите кои понатаму треба да се преземат, како и на другите колеги кои имаат допирни точки со темата, пишување кус извештај по посетената обука, семинар или работилница за која што претходно е изготвено Решение за посета на истата.

2.18. **Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

Во писмена форма не се изготвени иницијативи, туку реализацијата на активностите и настаните е договарана при контакт со претставници од разни здруженија на граѓани, НВО и др., при посета на конференции, промоции и сл. настани.

**2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**
Немало писмени иницијативи доставени до ЕЛС.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**
Предизвик е да има повеќе присутни граѓани на работилниците и настаните кои се организираат (некои беа помасовно посетени, а на некои имаше помала присутност), како и да се воспостави подобра соработка со здруженијата и организациите на жените.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**
Откажување на обука/работилница поради слаба посетеност од страна на граѓаните или поради откажување од страна на предавачите, иако претходно бил прецизно договорен терминот и локацијата за одржување на истото.

**3.3. Наведете примери за научени лекции**
Соработката со вработените во училиштата и градинките беше на задоволително ниво (на пр. на проектите „Форуми во заедницата“) и може да се размислува за реализација на проекти во кои тие повторно би биле вклучени.

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Согласно Програмата за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година предвидено е:

- организирање на различни активности за граѓаните со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи;
- координаторот за еднакви можности на жените и мажите е обврзан да одржува контакти, да пренесува информации и да соработува со Комисијата за еднакви можности (КЕМ) при Советот на Општината која ќе одржува состаноци согласно потребите во текот на работата, да соработува со организации на жени, здруженија на граѓани, невладини организации, како и со Министерството за труд и социјална политика;
- Комисијата за еднакви можности (КЕМ) во соработка со Координаторот согласно Законот, заедно ќе ги разгледуваат сите предлози и иницијативи од страна на граѓаните и другите субјекти и ќе ги реализираат оние активности за кои ќе сметаат дека се значајни и корисни за Општината и за нејзините жители;
- организирање јавни расправи и трибини за граѓаните на кои би се дискутирало за различни теми со цел да се одбележат значајни меѓународни денови поврзани со областа на родовата еднаквост, заштита од дискриминација, човекови права, превенција и слично;
- пишување на текстови во општинскиот весник, на веб-страницата, фан-страницата на Фејсбук и друго;
- водење база на статистички податоци разделени според полот и ажурирање на истите;
- Комисијата за еднакви можности на жените и мажите ќе ги разгледува развојните планови и други акти и предлог-одлуките пред да бидат усвоени од Советот на Општината и за

истите ќе доставува мислење и препораки, а воедно ќе учествува и во креирањето на стратешките документи за Општината согласно Законот;

- во 2015 година ќе продолжи со работа Центарот за ран детски развој „Слонче“ во Долно Лисиче во кој престојуваат деца од предучилишна возраст;
- во 2015 година ќе продолжи со реализација регионалниот проект „Промовирање на родово одговорни политики во Југоисточна Европа, Фаза 2“, финансиран од UN Women.

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Комисијата за родова еднаквост во рамките на Советот на Општина Аеродром е формирана со Решение со архивски број 07-28/2 од 17.05.2005 година.

Членовите на сегашниот состав на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите се номинирани со Одлука за избор на претседатели и членови на комисии на Советот на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 8 од 11.04.2013 година).

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол** – 3 женски и 2 машки пол
**б) Образование** – 4 члена со високо и 1 член со средно образование
**в) Етничка припадност** – 4 члена Македонци и 1 член Србин
**г) Припадност на политичка партија** – 2 члена од ВМРО-ДПМНЕ, 2 члена од СДСМ и 1 член од ВМРО-ДП

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа**

Не. Комисијата ја усвои Предлог-Програмата за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2014 година, Акцискиот план за 2014 година и Годишниот извештај за 2013 година.

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа**

Не.

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

Не.

**5.2. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

Проект „Програма за менторирање“ на која носител е Јасминка Дамческа, поранешна претседателка на КЕМ – Отворање на Центар за ран детски развој „Слонче“ во ПОУ „Гоце Делчев“ во Долно Лисиче, проект реализиран преку Македонско женско лоби.

**5.3. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Комисијата нема сопствена годишна програма, туку има Годишна програма за работа на Советот на Општината и Програмата за активностите од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2014 година.

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете**

**записници.**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Аеродром во текот на 2014 година има одржано 5 седници, за кои во прилог Ви ги доставуваме записници со следните архивски броеви и точки на Дневен ред:

- Број 07-21/1 од 27.01.2014 година – Акциски план за еднакви можности на жените и мажите на Општина Аеродром за 2014 година – работна верзија;
- Број 07-89/1 од 04.04.2014 година – Презентација на Проект зголемување на процент на жени сопственици на недвижен имот;
- Број 07-108/1 од 18.03.2014 година – Програмата за менторирање, претставување на проектот за отворање на Центар за ран детски развој во Долно Лисиче;
- Број 07-165/1 од 08.05.2014 година – Годишен извештај за 2013 година од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром со статистички податоци
- Број 07-537/1 од 09.12.2014 година – Предлог-Програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

- Сметаме дека е корисно на почетокот на мандатот на новите членови на Советот на Општините да има обуки за членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, со кои ќе им биде презентиран и дискутиран Законот за еднакви можности на жените и мажите, нивните обврски, задачи и должности, бидејќи ретко кој од членовите е запознаен или имал некакво работно искуство од областа на родовата еднаквост.

- Да се одржуваат повремени состаноци помеѓу координаторите и членовите на КЕМ од скопските општини, со претставници од Градот Скопје, МТСП и другите релевантни државни институции, на пр. Комисија за заштита од дискриминација, застапник од МТСП, НВО и сл. на кои би се дискутирало за одредени теми.

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Нема предлози.

## Табеларни прикази на статистички податоци разделени според пол за граѓаните кои живеат на територијата на Општина Аеродром за 2014 година

**Табела 1: Демографска структура на населението во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | В к у п н о (%) |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на жители во Општината | 36.718 | 35.291 | 72.009 |
| Процент на жители во Општината (%) | 50,99% | 49,01% | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 2: Структура на населението во Општина Аеродром според образование (школска подготовка) и разделена по пол, за лица на возраст од 15 и повеќе години**

| Степена на образование | Пол | | В к у п н о (%) | |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Сѐуште во процес на образование | | | 20 | 0,03% |
| Без училиште (никакво образование) | | | 488 | 0,80% |
| Некомплетно основно образование | | | 2.264 | 3,72% |
| Основно училиште | | | 9.254 | 15,19% |
| Средно училиште | | | 35.078 | 57,57% |
| Виша школа | | | 2.535 | 4,16% |
| Висока школа, факултет, академија | | | 10.603 | 17,40% |
| Магистратура | | | 417 | 0,68% |
| Докторат | | | 274 | 0,45% |
| В к у п н о | | | 60.933 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година, но не се разделени според пол

**Табела 3: Старосна структура на населението разделена по пол**

| Возраст по категории | Пол | | | | В к у п н о | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски | % | Машки | % | | |
| 0 – 19 години | 8.183 | 22,29 | 8.561 | 24,26 | 16.744 | 23,25% |
| 20 – 60 години | 23.702 | 64,55 | 22.446 | 63,60 | 46.148 | 64,09% |
| Над 60 години | 4.833 | 13,16 | 4.284 | 12,14 | 9.117 | 12,66% |
| Вкупно | 36.718 | 100 | 35.291 | 100 | 72.009 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година, каде што се прикажани во повеќе категории

**Табела 4: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 10 и повеќе години, разделени по пол и по писменост**

| | Вкупно | | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | писмени | неписмени | писмени | неписмени | писмени | неписмени |
| Општина Аеродром | 64.656 (99,27%) | 475 (0,73%) | 31.688 (99,73%) | 86 (0,27%) | 32.968 (98,83%) | 389 (1,17%) |
| | | | 100% | | 100% | |
| | 65.131 (100%) | | 31.774 (48,78%) | | 33.357 (51,22%) | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 5: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – вкупно**

| | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| Општина Аеродром | 60.743 (100%) | 35.484 (58,42%) | 28.310 (79,78%) | 7.174 (20,22%) | 25.259 (41,58%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 6: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста - мажи**

| | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| Општина Аеродром | 29.459 (100%) | 18.607 (63,16%) | 14.980 (80,51%) | 3.627 (19,49%) | 10.852 (36,84%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 7: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – жени**

| | Вкупно | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| Општина Аеродром | 31.284 (100%) | 16.877 (53,95%) | 13.330 (78,98%) | 3.547 (21,02%) | 14.407 (46,05%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Структура на <u>невработено население</u> во Општина Аеродром разделена според пол и други карактеристики**

**Табела 8: Преглед на други лица кои бараат работа според пол и националност**

| Национална припадност | Преглед на други лица кои бараат работа според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Македонци | 1363 | 989 | 2352 |
| Албанци | 15 | 35 | 50 |
| Турци | 9 | 9 | 18 |
| Роми | 10 | 15 | 25 |
| Срби | 25 | 23 | 48 |
| Власи | 1 | 1 | 2 |
| Бошњаци | 5 | 9 | 14 |
| Други | 17 | 17 | 34 |
| В к у п н о | 1445 | 1098 | 2543 |
| % | 56,82% | 43,18% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.01.2015 година).

**Табела 9: Преглед на други лица кои бараат работа според пол и школска подготовка**

| Степен на образование | Преглед на други лица кои бараат работа според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Без образование и со основно образование | 208 | 176 | 384 |
| Непотполно средно образование | 309 | 335 | 644 |
| Завршено средно образование | 599 | 391 | 990 |
| Више образование | 24 | 21 | 45 |
| Високо образование | 281 | 164 | 445 |
| Магистри на науки | 23 | 10 | 33 |
| Доктори на науки | 1 | 1 | 2 |
| В к у п н о | 1445 | 1098 | 2543 |
| % | 56,82% | 43,18% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.01.2015 година).

**Табела 10: Преглед на други лица кои бараат работа според пол според пол и возрасна структура**

| Возраст | Преглед на други лица кои бараат работа според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 5 | 19 | 24 |
| од 20-24 | 66 | 73 | 139 |
| од 25-29 | 136 | 103 | 239 |
| од 30-34 | 138 | 112 | 250 |
| од 35-39 | 138 | 84 | 267 |
| од 40-44 | 171 | 100 | 271 |
| од 45-49 | 154 | 97 | 351 |
| од 50-54 | 183 | 126 | 309 |
| од 55-59 | 278 | 182 | 460 |
| 60 и повеќе | 131 | 202 | 333 |
| В к у п н о | 1445 | 1098 | 2543 |
| Процент % | 56,82% | 43,18% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.01.2015 година).

**Табела 11: Преглед на невработени лица (кои активно бараат работа) според пол и националност**

| Национална припадност | Преглед на невработени лица (кои активно бараат работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Македонци | 983 | 989 | 1972 |
| Албанци | 14 | 17 | 31 |
| Турци | 2 | 4 | 6 |
| Роми | 12 | 18 | 30 |
| Срби | 17 | 22 | 39 |
| Власи | 2 | 5 | 7 |
| Бошњаци | 2 | 5 | 7 |
| Други | 12 | 7 | 19 |
| В к у п н о | 1044 | 1067 | 2111 |
| % | 49,46% | 50,54% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.01.2015 година).

**Табела 12: Преглед на невработени лица (кои активно бараат работа) според пол и школска подготовка**

| Степен на образование | Преглед на невработени лица (кои активно бараат работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Без образование и со основно образование | 109 | 110 | 219 |
| Непотполно средно образование | 128 | 285 | 413 |
| Завршено средно образование | 394 | 384 | 778 |
| Више образование | 24 | 20 | 44 |
| Високо образование | 348 | 245 | 593 |
| Магистри на науки | 39 | 22 | 61 |
| Доктори на науки | 2 | 1 | 3 |
| В к у п н о | 1044 | 1067 | 2111 |
| % | 49,46% | 50,54% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.01.2015 година).

**Табела 13: Преглед на невработени лица (кои активно бараат работа) според пол според пол и возрасна структура**

| Возраст | Преглед на невработени лица (кои активно бараат работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 9 | 9 | 18 |
| од 20-24 | 74 | 63 | 137 |
| од 25-29 | 132 | 132 | 264 |
| од 30-34 | 120 | 103 | 223 |
| од 35-39 | 93 | 76 | 169 |
| од 40-44 | 104 | 52 | 156 |
| од 45-49 | 69 | 47 | 116 |
| од 50-54 | 87 | 98 | 185 |
| од 55-59 | 170 | 178 | 348 |
| 60 и повеќе | 186 | 309 | 495 |
| В к у п н о | 1044 | 1067 | 2111 |
| Процент % | 49,46% | 50,54% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.01.2015 година).

**Табела 14: Преглед на невработени лица (кои активно бараат работа) според пол и време на чекање на вработување**

| Време на чекање | Преглед на невработени лица (кои активно бараат работа) според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| под 1 месец | 78 | 79 | 157 |
| од 1 до 5 мес. | 244 | 253 | 497 |
| од 6 до 11 мес. | 148 | 157 | 305 |
| од 12 до 17 мес. | 137 | 169 | 306 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| од 18 до 23 мес. | 61 | 49 | 110 |
| 2 години | 44 | 56 | 100 |
| 3 години | 116 | 114 | 230 |
| 4 години | 68 | 48 | 116 |
| 5 до 7 години | 42 | 44 | 86 |
| 8 години и повеќе | 106 | 98 | 204 |
| В к у п н о | 1044 | 1067 | 2111 |
| Процент % | 49,46% | 50,54% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.01.2015 година).

**Табела 15: Структура на членовите на Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| Број на советници/чки | 9 | 18 | 27 |
| Процент на советници/чки (%) | 33,33% | 66,67% | 100% |

**Табела 16: Учество на жените советнички во телата на одлучување во Советот на Општина Аеродром**

Претседателот на Советот е од машки пол.
Во Општината сè уште немало жена на функцијата претседател на Совет.

| Претседатели на Комисии во Советот на Општината | | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | В к у п н о |
| Претседатели на Комисии | 4 | 7 | 11 |
| Процент на претседатели на Комисии (%) | 36,36% | 63,64% | 100% |

**Табела 17: Состав на Комисијата за родова еднаквост во Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| Претседателка на КЕМ | 1 | 0 |
| Членови на КЕМ | 2 | 2 |
| В к у п н о | 3 | 2 |
| Процент % | 60% | 40% |

**Табела 18: Структура на Комисијата за родова еднаквост според степенот на образованието**

| | Образование | |
|---|---|---|
| | ССС | ВСС |
| Претседателка на КЕМ | 0 | 1 (магистер) |
| Членови на КЕМ | 1 | 3 |
| В к у п н о | 1 | 4 |
| Процент % | 20% | 80% |

**Табела 19: Структура на Комисијата за родова еднаквост според возраста**

| КЕМ | Возраст (години) |
|---|---|
| Претседателка на КЕМ | 27 |
| Член на КЕМ | 31 |
| Член на КЕМ | 41 |
| Член на КЕМ | 46 |
| Член на КЕМ | 51 |
| Просечна возраст | 39,2 |

**Табела 20: Координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром**

| | Пол | Образование | Возраст (години) |
|---|---|---|---|
| Координатор | Женски | ВСС (магистер) | 38 |

**Табела 21: Структура на вработените лица од државната администрација во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на вработени | 67 | 46 | 113 |
| Процент на вработени (%) | 59,29% | 40,71% | 100% |

**Табела 22: Структура на раководители на сектори и одделенија од вработените лица од државната администрација во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на раководители | 8 | 4 | 12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Секретар на ОА | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 9 | 4 | 13 |
| Процент % | 69,23% | 30,77% | 100% |

**Табела 23: Табела со податоци разделени според пол за бројот на секретарите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица се дел од државната администрација, вработени во Општина Аеродром и се вкалкулирани во табелата **број 18** во која е прикажан вкупниот број на вработени лица во Општина Аеродром)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на секретарите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Острово | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Бисер | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Ново Лисиче | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Мичурин | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Запад | 0 | 1 | 1 |
| МЗ Долно Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Стар Аеродром | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Јане Сандански | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Населба Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 1 | 0 | 1 |
| В к у п н о | 6 | 5 | 11 |
| Процент % | 54,55% | 45,45% | 100% |

**Табела 24: Табела со податоци разделени според пол за бројот на претседателите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица не се вработени во Општина Аеродром, туку се избрани од граѓаните)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на претседателите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Острово | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Бисер | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Ново Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Мичурин | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче | 0 | 1 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Запад | | | |
| МЗ Долно Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Стар Аеродром | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Јане Сандански | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Населба Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 0 | 1 | 1 |
| В к у п н о | 1 | 10 | 11 |
| Процент % | 9,09% | 90,91% | 100% |

**Табела 25: Број на ученици во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 307 | 273 | 580 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 190 | 205 | 395 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 451 | 442 | 893 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 457 | 494 | 951 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 691 | 690 | 1381 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 305 | 284 | 589 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 331 | 359 | 690 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 166 | 176 | 342 |
| В к у п н о | 2898 | 2923 | 5821 |
| Процент % | 49,79% | 50,21% | 100% |

**Табела 26: Број на вработени лица во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 50 | 4 | 54 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 45 | 8 | 53 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 77 | 5 | 82 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 66 | 9 | 75 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 98 | 8 | 106 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 49 | 6 | 55 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 54 | 11 | 65 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 29 | 3 | 32 |
| В к у п н о: | 468 | 54 | 522 |
| Процент % | 89,66% | 10,34% | 100% |

**Табела 27: Број на членови во Училишен одбор во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 5 | 4 | 9 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 6 | 3 | 9 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 3 | 6 | 9 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 7 | 2 | 9 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 5 | 4 | 9 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 3 | 6 | 9 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 8 | 1 | 9 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 6 | 3 | 9 |
| В к у п н о: | 43 | 29 | 72 |
| Процент % | 59,72% | 40,28% | 100% |

**Табела 28: Број на членови во Совет на родители во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 20 | 5 | 25 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 15 | 4 | 19 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 21 | 16 | 37 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 30 | 8 | 38 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 44 | 10 | 54 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 18 | 6 | 24 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 18 | 13 | 31 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОУ „Александар Македонски“ | 13 | 2 | 15 |
| В к у п н о: | 179 | 64 | 243 |
| Процент % | 73,66% | 26,34% | 100% |

**Табела 29: Број на деца во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 702 | 767 | 1469 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 532 | 586 | 1118 |
| В к у п н о: | 1234 | 1353 | 2587 |
| Процент % | 47,70% | 52,30% | 100% |

**Табела 30: Број на вработени лица во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 133 | 13 | 146 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 97 | 10 | 107 |
| В к у п н о: | 230 | 23 | 253 |
| Процент % | 90,91% | 9,09% | 100% |

**Табела 31: Број на членови во Управен одбор во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 3 | 4 | 7 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 6 | 1 | 7 |
| В к у п н о: | 9 | 5 | 14 |
| Процент % | 64,29% | 35,71% | 100% |

**Табела 32: Број на членови на Совет на родители во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 4 | 2 | 6 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 5 | 0 | 5 |
| В к у п н о: | 9 | 2 | 11 |
| Процент % | 81,82% | 18,18% | 100% |

**Табела 33: Податоци разделени според пол за бројот на директори во основните училишта што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во основни училишта | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 5 | 3 | 8 |
| Процент % | 62,50% | 37,50% | 100% |

**Табела 34: Податоци разделени според пол за бројот на директори во детските градинки што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во детски градинки | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 1 | 1 | 2 |
| Процент % | 50% | 50% | 100% |

**Табела 35: Податоци разделени според пол за бројот на новороденчиња кои добиле решение за еднократна парична помош од Општина Аеродром**

| Број на новороденчиња | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 326 | 405 | 731 |
| Процент % | 44,60% | 55,40% | 100% |

**Табела 36: Податоци разделени според пол за лица кои се пријавиле бесплатно да играат тенис за време на викендите на тениските терени на територијата на општина Аеродром**

| | Пол | | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на лица кои бесплатно играле тенис | 786 | 1316 | 2102 |
| Процент % | 37,39% | 62,61% | 100% |

**Табела 37: Податоци разделени според пол за барања од граѓани доставени до Општина Аеродром преку Граѓански сервис центар (ГСЦ)**

| | Пол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | Неодредено* | |
| Број на доставени барања преку ГСЦ | 198 | 407 | 20 | 625 |
| Процент % | 31,68% | 65,12% | 3,20% | 100% |

* Категоријата „Неодредно" означува: група/здружение на граѓани, заедница на сопственици или лице чиј пол од напишаниот текст не може да се утврди.

**Табела 38: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром барање за информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | Пол | | Правни лица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени барања за информации од јавен карактер | 22 | 27 | 17 | 66 |
| Процент % | 33,33% | 40,91% | 25,76% | 100% |

**Табела 39: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром претставки согласно Законот за постапување по претставки и предлози**

| | Пол | | Правни лица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени претставки | 3 | 3 | 9 | 15 |
| Процент % | 20,00% | 20,00% | 60,00% | 100% |

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 09-1407/1
31.03.2015 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 31.03.2015 година, со почеток во 16:15 часот

Присутни:

ПРЕТСЕДАТЕЛ: Сања Петровска
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски
Мелина Голубовска
Даниела Николова - отсутна
Саша Гајиќ- отсутен

Дневен ред

1. Усвојување на Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите Образец од МТСП

Дневниот ред е едногласно усвоен.

Присутните го разгледаа образецот на **Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите** и по дадени појаснувања од страна на координаторот за еднакви можности на ОА, Јелена Пејановиќ, истиот се стави на гласање.

Гласаа: ЗА – 3 гласа ПРОТИВ – нема ВОЗДРЖАНИ-нема
Се констатира дека Извештајот е усвоен.

Седницата на комисијата заврши во 16:30.

Претседател
Сања Петровска

**АКЦИСКИ ПЛАН**
**за еднакви можности на жените и мажите на**
**Општина Аеродром за 2014 година**

## 1. ПРОФИЛ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2004), формирана е нова единица на локалната самоуправа Општина Аеродром во рамките на Градот Скопје, која пред тоа била во состав на Општина Кисела Вода. Општина Аеродром е формирана на 12.04.2005 година, кога за првпат е одржана седница на Советот на Општината.

Општина Аеродром се протега од мостот на железничката пруга на реката Вардар (тромеѓе на Општина Аеродром, Центар и Гази Баба) и се движи долж Транспортен центар „Скопје", железничката пруга во правец кон Велес до мостот Маркова река, продолжува по надворешната граница на катастарска општина Долно Лисиче до река Вардар и свртува спротивно до мостот на железничката пруга на река Вардар.

Општината зафаќа територија од 21,85 км², со надморска височина од 240 метри, а од наведената површина урбан дел се 10,4 км² (или 48%), а рурално земјиште се 11,45 км² (или 52%). На оваа површина има осум населби од кои седум се урбани: Мичурин, Стар Аеродром, Јане Сандански, Ново Лисиче, Реонски центар Аеродром, населба Лисиче, Горно Лисиче и една е рурална – село Долно Лисиче.

Според Пописот во РМ од 2002 година, во Општина Аеродром живеат 72.009 жители од кои 36.718 се од женски пол, а 35.291 се машки. Регистрирани се 21.495 домаќинства, односно 23.754 станови (живеалишта). Густината на населеноста е висока со стапка од 31,3 жители/хектар, а со постојаниот раст на населените места, за периодот од пописот до денес, бројот на жители се зголемува континуирано. Стапката на пораст на населението е за околу 2,3% на годишно ниво, која во последните години е со тренд на постојан пораст, ако се земат предвид зголемените можности на Општината за прилив на ново население (изградба на Реонскиот центар „Аеродром", изградба на нови станбени згради на бул. „Февруарски поход" – Горно Лисиче, надградби и доградби на постојните станбени објекти и др.).

Популацијата која ја населува Општина Аеродром, се опишува како „млада", поради особено високиот процент на млади лица коишто живеат на нејзината територија. Особено последните години, со изградбата на нови станбени делови, забележан е трендот на населување на млади брачни парови со деца од најмала возраст.

Според националната припадност во Општина Аеродром живеат: Македонци: 89,5%, Срби: 4,3%, Албанци: 1,4%, Роми: 0,8%, Власи: 0,7%, Турци: 0,6% и други: 2,7% (според Пописот во РМ од 2002 година).

Според податоците од Агенцијата за вработување на РМ – Центар за вработување на град Скопје, заклучно со 30.11.2012 година, од жителите на Општина Аеродром има вкупно 4.612 евидентирани невработени лица од кои според пол 2.107 се мажи (или 45,69%), а 2.505 се жени (54,31%).

## 2. ВОВЕД

Општина Аеродром е една од водечките урбани општини, која со својата инфраструктура во целост ги задоволува потребите на своите граѓани. Таа постојано се надоградува и дополнува со новини, со цел да им овозможи на своите граѓани поквалитетни услови за живот.

Според тоа, родовата рамноправност како систем на стандарди на однесување во модерното живеење е концепт осмислен со цел да се подобри и унапреди средината во која живееме. Локалната самоуправа секако дека претставува основата од каде што треба да се развива целиот концепт со негово промовирање пред граѓаните и преземање конкретни активности за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите. Со тоа ќе се овозможи сите граѓани, без оглед на полот и другите карактеристики, да ги остваруваат своите граѓански права.

Во реализација на целиот концепт, како и на конкретните активности, особено значење имаат членовите на Советот на Општината, особено членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ), како и координаторот за еднакви можности на жените и мажите кои се формирани согласно член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6 од 13.01.2012 година). Тие заедно со општинската администрација, ќе придонесат да се подигне свеста на граѓаните, за демократско почитување на разликите помеѓу сите жители на Општината, со особен акцент на родовата еднаквост.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) при Советот на Општина Аеродром е формирана по последните локални избори со решение со архивски број 07-113/6 од 11.04.2013 година, претседателка на КЕМ е Јасминка Дамческа, а членови се: Бошко Стојкоски, Мелина Голубовска, Даниела Николова и Саша Гајиќ.

Координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром е Јелена Пејановиќ, вработена на работното место помлад соработник за култура, лице назначено од редовите на државната администрација во Општината со Овластување за извршување на работните задачи како координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром со архивски број 08-3669/1 од 12.05.2009 година.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и координаторот посетуваат обуки (во организација на Министерството за труд и социјална политика на РМ, невладини организации и здруженија на граѓани) на кои стекнуваат соодветни теоретски и практични знаења за родовата рамноправност.

## 3. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА РАБОТА

Врз основа на постојните проблеми и недостатоци кои се детектирани, а се однесуваат на родовата еднаквост, во текот на 2014 година ќе бидат преземени следните активности:

### 3.1. Ажурирање на база на податоци од родов аспект во демографска и социо-економска смисла за Општина Аеродром

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите се наметнува законска обврска сите државни институции да ги собираат и да ги ажурираат базите на статистички податоци според полот на луѓето, кои се користат во работата на општинската администрација, особено за изработка на разни документи и проекти.

Согласно анализата на податоците, се наметнуваат и други конкретни активности, доколку статистичките податоци укажуваат на потреба од тоа.

### 3.2. Информираност на граѓаните за остварување на граѓанските права преку промоција и едукација на граѓаните за родовиот концепт

Граѓаните не се доволно информирани за концептот на родова еднаквост, а воедно и нивото на свесност е ниско за да ги препознаат случаите на родова и другите видови на дискриминација.

Во текот на изминатите години, во општинскиот весник и на официјалната веб-страница на Општина Аеродром имаше многу написи за активностите и за Законот за еднаквите можности на жените и мажите, со цел да се информираат граѓаните за постоењето на овој Закон, за областите на кои тој се однесува и каде сè може да се примени, како и за правата и обврските кои произлегуваат од него. Исто така, Општината упатуваше и повици до физичките и правните лица да се вклучат во активности со цел да се промовира родовиот концепт.

И покрај наведените активности во изминатиот период за промовирање на родовиот концепт, до застапникот во Министерство за труд и социјална политика граѓаните не поднесуваа претставки и мошне ретко се обраќаа кај застапникот и кај координаторите на локално ниво да побараат совет или да се информираат доколку се посомневаат дека им се повредени правата од родов или од друг аспект.

Поради тоа и во понатамошниот период останува потребата на граѓаните континуирано да им се пласираат информации за родовиот концепт, да бидат запознаени со нивните права, како и за процедурите кои треба да се поминат во случај доколку им се повредени правата, да се информираат до кои институции можат да се обратат и каква е процедурата доколку дојде до кршење на нивните права, да бидат информирани за

содржината на релевантните закони, нивното значење и за практичната примена во секојдневниот живот и во работата.

Со цел да се подигне свесноста на граѓаните и да ги препознаваат случаите на дискриминацијата по различни основи, во текот на 2014-та година ќе бидат преземани активности за да овој концепт се доближи уште поблиску до граѓаните.

### 3.3. Одбележување на значајни датуми

Согласно Организацијата на обединетите нации и други светски и европски асоцијации, во многу земји се одбележуваат денови кои се поврзани со родовиот концепт, човековите права, дискриминацијата, превенцијата, здравјето и слично. Некои од тие позначајни датуми се:

- Јануари – Европска Недела за борба против рак на грлото на матката;
- 4-ти Февруари – Светски ден за борба против ракот;
- 8-ми Март – Меѓународен ден на жената;
- 7-ми Април – Светскиот ден на здравјето;
- 18-ти Октомври – Светски ден на менопауза;
- 20-ти Октомври – Светски ден на остеопороза;
- 7-ми Октомври – Меѓународен ден за пристојна работа, или за достоинствен труд;
- Октомври – Месец посветен на борба против ракот на дојка;
- 15-ти Октомври – Светски ден на руралната жена;
- 25-ти Ноември – Меѓународен ден за елиминирање на насилство врз жената;
- 3-ти Декември – Светски ден на лицата со посебни потреби;
- 10-ти Декември – Светски ден на човековите права.

Сите датуми ќе бидат одбележани со написи на општинската веб-страница, а за датумите кои се однесуваат на здравјето на жените, ќе бидат организирани презентации и јавни трибини за граѓаните (превенција на болестите на репродуктивните органи кај жените, рак на дојка, борба против ракот, остеопорозата, превенција на Колоректалниот карцином и сл.).

### 3.4. Отворање на Центар за ран детски развој (ЦРДР) во ПОУ „Гоце Делчев“ во село Долно Лисиче

Бидејќи во селото Долно Лисиче не постои детска градинка, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Аеродром инициraше проект за отворање на Центар за ран детски развој (ЦРДР) во состав на ЈУДГ „Буба Мара“, а во просториите на ПОУ „Гоце Делчев“ во село Долно Лисиче.

Проектот беше иницирaн во рамките на менторската програма преку Македонско женско лоби, а за реализација на истиот е остварена соработка со УНИЦЕФ за адаптирање и опремување на просторот во кој ќе престојуваат децата, а лицето кое ќе работи во ЦРДР ќе биде од редот на вработените во градинката „Буба Мара“.

## 4. ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

**Цел 4.1: Јакнење на капацитетите на членовите на КЕМ и координаторот за еднакви можности и заштита од дискриминација**

| Резултат | Активности | Индикатори | Одговорни институции | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| - Стекнување дополнителни знаења за родовата еднаквост и заштита од дискриминација,<br>- Поуспешно решавање на проблемите на кои ќе се наидува во текот на работата,<br>- Аналитички пристап и активно вклучување во работата на ОА,<br>- Разгледување на сите предлог-акти пред нивно усвојување на Советот и давање мислење за истите од страна на КЕМ, | - Посетување на обуки и работилници,<br>- Соработка со МТСП,<br>- Состаноци на КЕМ согласно потребите | - Број на посетени обуки, работилници, конференции, јавни расправи и сл.,<br>- Број на одржани состаноци на КЕМ,<br>- Број на изготвени препораки од КЕМ до Советот на ОА, | - КЕМ и Координатор во соработка со МТСП, НВО, здруженија на граѓани, други комисии при Советот на ОА, општинска администрација и сл. | Во текот на целата 2014 година |

**Цел 4.2: Редовно ажурирање на база на податоци од родов аспект во демографска и социо-економска смисла за Општина Аеродром (водење полово разделени статистики)**

| Резултат | Активности | Индикатори | Одговорни институции | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| - Добивање појасна слика за актуелните | - Испраќање дописи до разни институции за | - Број на добиени дописи со податоци по барањата од | Координатор и општинска администрација | Во текот на целата 2014 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| состојби врз основа на кои ќе се преземат активности за нивно подобрување,<br>- Обезбедување аргументи за одвивањето и оправданоста на предложените активности во разните области,<br>- Добивање насоки за изготвување на следни проекти, планови, стратегиски документи и сл. | доставување на бараните статистички податоци,<br>- Ажурирање и анализа на податоците со кои располага администрацијата на ОА, | страна на ОА,<br>- Број на собрани податоци од различни области, | | |

| Цел 4.3: Преку промоцијата и едукацијата за родовата рамноправност, сите граѓани да бидат информирани за начинот на остварување на граѓанските права | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Резултат** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** |
| - Запознавање на граѓаните со Законот за еднакви можности на жените и мажите, улогата на КЕМ при Советот на ОА, улогата на координаторот, како и постапката и обраќањето до надлежните институции, | - Написи за родовиот концепт во весникот на ОА, официјалната веб-страница и на фан-страницата на Фејсбук, | - Број на напишани текстови,<br>- Број на коментари од страна на жителите на ОА по одредена тема,<br>- Број на активности кои се изведени по иницијатива на граѓаните и здруженијата, | Координатор, КЕМ, општинска администрација, | Во текот на целата 2014 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| доколку некој граѓанин смета дека му се прекршени правата и сл., | | | | |
| - Спроведување кампања преку медиуми, флаери/постери за концептот на родовата еднаквост, | - Написи за родовиот концепт во весникот на ОА, официјалната веб-страница и на фан-страницата на Фејсбук,<br>- Учество во радио емисии,<br>- Печатење на флаери/постери (предвидени средства во Буџет), | - Број на напишани текстови,<br>- Број на коментари од страна на жителите на ОА по одредена тема,<br>- Број на учества во радио емисии,<br>- Број и дистрибуција на печатени промотивни материјали, | Координатор, КЕМ, општинска администрација, | Во текот на целата 2014 година |
| - Развивиена сензитивност кај сите граѓани за родовиот концепт (осетливост и способност да се препознае дискриминацијата по различни основи), | - Написи за механизмите за постапување во случаи на дискриминација, | - Број на напишани текстови,<br>- Број на граѓани кои се обратиле до координаторот или до КЕМ и побарале совет и упатства, | Координатор и КЕМ во соработка со Општинска администрација, МТСП, НВО и сл. | Во текот на целата 2014 година |
| - Поуспешна соработка со механизми за еднакви можности, социјални партнери и граѓански сектор, | - Реализирање заеднички активности, состаноци и сл. | - Број на реализирани заеднички активности,<br>- Број на побарани мислења, совети,<br>- Број на реализирани состаноци, | Координатор, КЕМ и други институции, | Во текот на целата 2014 година |
| - Добро | - Написи на веб- | - Број на напишани | Координатор и КЕМ во | Во текот на целата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| информирани наставници и ученици за родовиот концепт и заштитата од дискриминација,<br>- Поуспешно реализирање на наставата преку обрнување внимание на родовиот концепт, развивање сензитивност за истиот и сл. | страницата, на фан-страницата на ФБ, во општински весник,<br>- Организирање на едукација за родовиот концепт за наставници во школите и сл. | текстови,<br>- Број на организирани активности за едукација на наставниците во школите и сл. | соработка со Општинска администрација, МТСП и сл. | 2014 година |
| - Добро информирани граѓани, жени за начините на кои можат да се самовработат,<br>- Зајакнати капацитети на жените за самовработување и отворање на сопствени претпријатија, | - Работилница во ОУ – Јакнење на капацитетите на жените за самовработување со презентација на можностите за самовработување на жените и можностите за отворање на мали и средни претпријатија, | - Број на присутни граѓани, жени на работилницата, презентацијата,<br>- Број на граѓани, жени од ОА кои се самовработиле, | КЕМ, координатор, Агенција за вработување на РМ, општинска администрација, вработени во основно училиште, | Во текот на месец мај 2014 година |
| - Подигната свест на граѓаните преку одбележување на значајни датуми: Превенција на болестите на репродуктивните органи кај жените и превенција на Колоректалниот | - Написи на веб-страницата, на фан-страницата на ФБ, во општински весник,<br>- Организирање јавни трибини, дебати и сл. | - Број на написи,<br>- Број на организирани трибини, дебати и сл. | Координатор, КЕМ, општинска администрација, соработка со здравствени и други институции, здруженија на граѓани и сл. | Во текот на целата 2014 година (Јануари, 4-ти февруари, 7-ми октомври, 25-ти ноември, 3-ти декември, 10-ти декември и др.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| карцином, борба против рак на грло на матката, борба против ракот, пристојна работа, рак на дојка, елиминирање на насилство врз жената, ден на лица со посебни потреби, светски ден на човекови права и др. | | | | |

| Цел 4.4: Обезбедување на престој на деца во Центар за ран детски развој (ЦРДР) во село Долно Лисиче | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Резултат** | **Активности** | **Индикатори** | **Одговорни институции** | **Временска рамка** |
| - Успешно спроведени подготвителни активности и отворање на ЦРДР,<br>- Информирани жители од село Долно Лисиче за работата на ЦРДР, | - Анкетирање на населението од Долно Лисиче за користење на услугите на ЦРДР,<br>- Опремување и уредување на просторот во ПОУ „Гоце Делчев“ во село Долно Лисиче, комплетирање на документацијата потребна за работа на ЦРДР,<br>- Отворање на ЦРДР и известување на жителите за почнувањето со неговата работа, | - Број на пополнети анкетни прашалници,<br>- Успешност во подготовките за опремување и отворање на ЦРДР,<br>- Комплетирање на потребна документација за отворање на ЦРДР,<br>- Број на написи и начини преку кои жителите се информирани за отворање на ЦРДР, | КЕМ, координатор, општинска администрација, во соработка со МЖЛ и УНИЦЕФ, | Во текот на јануари, февруари и март 2014 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Згрижување на деца од 3 до 6 годишна возраст кои немаат градинка во близина на местото каде што живеат,<br>- Обезбедување слободно време на мајките на децата, активно барање работа, едукација, контакти и сл.<br>- Децата ќе се социјализираат и ќе бидат подготвени за упис во прво одделение, ќе стекнат работни навики и сл. | - Престој на децата во ЦРДР,<br>- Реализирање активности и работа со децата во ЦРДР. | - Број на децата кои престојуваат во ЦРДР. | КЕМ, координатор, општинска администрација, во соработка со МЖЛ и УНИЦЕФ, вработените лица во градинка „Буба Мара“. | Во текот на целата 2014 година. |

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2014 ГОДИНА**

Општина Аеродром ја реализираше Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2014 година, во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2014 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост, а пред сè во соработка со организациите на жените кои се најактивни во оваа област.

Програмата се реализираше со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права, да ја препознаат дискриминацијата и како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

1. **Општина Аеродром во текот на 2014 година беше вклучена во *активности во два проекти од областа на еднаквите можности на жените и мажите*, кои продолжуваат и во 2015 година и тоа:**

- *Програма за менторирање – Отворање на Центар за ран детски развој „Слонче" во ПОУ „Гоце Делчев" во Долно Лисиче.*

Во рамките на овој проект, преку Македонско женско лоби за Општина Аеродром беа номинирани неколку стручни лица од областа на родовата еднаквост во функција на тематски и стратешки менторки, кои одржаа обуки на одредени теми (подолу наведени). Менторки во рамките на проектот беа: Афердита Хаџијаха Имери, Кристина Хаџи Василева, Лилјана Поповска, Елена Грозданова, Ирена Мишева и Неда Коруновска.
Од септември 2014 година во просториите на ПОУ „Гоце Делчев" во Долно Лисиче почна со работа новиот Центар за ран детски развој – ЦРДР „Слонче", кој работи во состав на ЈУДГ „Буба Мара". Општина Аеродром го отвори Центарот во соработка со УНИЦЕФ, во рамки на иницијативата „Првите 5 се најважни на свет". Децата на возраст од 3 до 6 години од Долно Лисиче имаат можност да посетуваат предучилишна програма, со цел да им се обезбеди правилен психо-физички и социо-емоционален развој. Центарот е отворен токму во Долно Лисиче, бидејќи во овој дел на Општината нема можност или потреба за отворање на градинка или жителите не се во можност да платат месечен надоместок за престој на детето во градинка, поради што многу често децата се чувани во домашни услови од страна на роднините. Центарот претставува поевтина можност за родителите, поради тоа што не плаќаат надоместок за престој и за

потрошни материјали (боички, хартија, лепило итн.) за нивното дете да ја посетува оваа програма.

- Телото на Обединети нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women) ја вклучи Општина Аеродром како пилот-општина, во Регионалниот проект за *„Промоција на Родово одговорни политики и буџети во југоисточна Европа" (втора фаза),* а во јуни беше потпишан меморандум за разбирање помеѓу UN Women и Општина Аеродром.

Проектот се однесува на областа на вклучувањето на родовата перспектива во креирањето на локалните политики и буџети и има за цел да придонесе кон имплементација на националните и меѓународни обврски за остварување на родова еднаквост. Општина Аеродром заедно со Министерството за труд и социјална политика, како и други девет општини ќе учествува како проектен партнер и во следните години (2013-2016), ќе работи на зајакнување на локалните механизми и капацитети за имплементација на локалните и национални стратешки документи во областа на родовата еднаквост и родово одговорното буџетирање.

Во врска со тоа, беа извршени повеќе активности и анализи, како и *„Проценка на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво – родово буџетска анализа на програми на ЕЛС"*, конкретно Општина Аеродром ја достави за анализа Програмата за образование за 2014 година. Анализите ги спроведуваа експертски/истражувачки организации, кои беа ангажирани од страна на UN Women да ги спроведат анализите во десетте општини.

Освен тоа, во рамките на анализите од страна на експертите, Општината го пополни Прашалникот со кој се анализираше стратешкото планирање на општината, процесот на планирање на годишните програми на Општината, анализа на процесот на буџетирање на годишните програми, анализа на спроведувањето на програмите, извршувањето на буџетот и сл. Како резултат на пополнетите прашалници од сите 10 пилот општини вклучени во проектот, експертите изработија документ со наслов *„Валидација на резултатите од Проценката на процесот на креирање политики, буџетирање и децентрализација на локално ниво"* во кој се содржани резултатите од спроведените анализи.

Во текот на месец ноември 2014 година беа одржани два состаноци помеѓу стручни лица кои ги вршеа анализите и претставниците од општинската администрација кои работат во различните сектори и различни области, со што беше спроведено *„Мапирање на партиципативните процеси во рамки на локалната самоуправа со фокус на родовата еднаквост"*. Состаноците се водеа на тема *„Начини на вклучување на надворешните страни во работа на институции и/или организации"*, односно, се разгледуваа начините на кои локалната самоуправа ги вклучува граѓаните и различните правни субјекти во процесите на одлучување, изготвување на програмите, буџетот, како и степенот на транспарентноста во работата на општината и

начинот на кој таа ги информира граѓаните за активностите што се случуваат на нејзината територија.

2. **Реализирани активности наменети за граѓаните на Општината**

- 28.04.2014 година – работилница од областа на раниот детски развој на тема „Права од детскиот развој и заштита на децата" во Сала на Совет во Општина Аеродром. На работилницата присуствуваа мајките на децата кои одат во Центарот за ран детски развој, а предавач беше г-ѓа Неда Коруновска од истражувачката агенција НВО „Реактор". Работилницата е реализирана во рамките на менторската програма, со поддршка на Македонско женско лоби и женската организација на Обединетите нации за промовирање на стандардите за раниот детски развој. На работилницата се потенцираше потребата за отворање на Центар за ран детски развој во Долно Лисиче, бидејќи во овој дел од општината нема детска градинка, а се дискутираше и за работата во градинките и за проблемите со кои тие се соочуваат.

- 17.05.2014 година – Бесплатна утринска јога во природа. Во еден од парковите во Општина Аеродром јога клубот „Тара" организираше бесплатен јога час, наменет за сите заинтересирани лица без оглед на возраст или пол, но пред сè за жените.

- 26.06.2014 година – Работилница за женско претприемништво со фокус на маркетинг во Сала на Совет во Општина Аеродром, предавач г-ѓа Виолета Николова Манчевска од Центар за жени претприемачи.

- 27.06.2014 година – Работилница за можностите и условите за користење на мерките за самовработување предвидени од Владата на РМ, предавачи се двајца претставници од Агенцијата за вработување на РМ.

- 31.08.2014 година во паркот со авион „Аеродром" во Ново Лисиче, фитнес клубот „Фит уан" во соработка со Општина Аеродром организираше бесплатен ЗУМБА фитнес час. Овој забавен час беше наменет за сите граѓани на Општината, без оглед на возраст и пол, но пред сè за жените.

- 04.09.2014 година - едукативна работилница на тема „Најзначајните информации за бременоста и породувањето" во просториите на Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз", во организација на Здружението за грижа и едукација на бремени жени, мајки и деца „Лулка".

- 19.11.2014 година – Работилница за менторска програма на тема: „Стекнување на знаења со деловниот сектор со цел развивање претприемништво кај жените" во Центарот за ран детски развој „Слонче" (во ПОУ „Гоце Делчев" во Долно Лисиче), предавач м-р Ирена Мишева.

- 22.12.2014 година – последна стратешка работилница за проблемите со кои се соочуваат жените во Долно Лисиче, нивните потреби и можни решенија, во рамките на менторската програма во Центарот за ран детски развој „Слонче" (во ПОУ „Гоце Делчев" во Долно Лисиче), предавач г-ѓа Лилјана Поповска.

- Одбележување на значајни меѓународни денови и датуми, поврзани со областа на родовата еднаквост, заштита од дискриминација, човекови права, грижа за женското здравје и слично. Октомври е месец посветен на подигнување на свеста на жените за борба против ракот на дојка и на истакнување на превенцијата и раното откривање на болестите кај женската популација, бидејќи во раниот стадиум овие болести можат успешно да се излечат. Освен тоа, 18-ти октомври е Светски ден на полесно справување со менопаузата, а 20-ти октомври е Светски ден на остеопорозата. Со редовни прегледи, рекреација, соодветна терапија и исхрана, жените можат да го подобрат квалитетот на својот живот. Општината се приклучи и кон кампањата на Обединети нации „Обој го светот во портокалово за 16 дена" и облечи портокалова боја, со цел да се одбележи Светскиот ден за борба против насилство врз жените – 25-ти Ноември, бидејќи секое развивање на свесноста за одреден проблем е првиот чекор кон негово искоренување. Овие датуми беа одбележени со пишување написи на веб-страницата и во општинскиот весник.

- Одделението за локален економски развој во Општина Аеродром, во текот на 2014 година, организираше повеќе различни видови обуки од различни области (програми за самовработување, започнување сопствен бизнис, жени претприемачи, електронско банкарство, мали и средни претпријатија, успешни комуникации, односи со јавност, управување со стрес, конфликти, мобинг и слично). Овие обуки беа наменети за сите граѓани на Општината, пред сè за невработените лица, а предавачи беа стручни лица од НВО „Профицио", НВО „Линк Акрос", Агенцијата за вработување на РМ и други. Известувањата за сите овие активности беа проследени и до организациите на жени, со цел што помасовно да се вклучат на обуките.

- Објавување написи на официјалната веб-страница на Општината и во општинскиот весник со цел преку промовирање на Законот за еднакви можности на жените и мажите, граѓаните да се информираат и запознаат со своите законски права, како и да се запознаат со активностите кои се одвиваат во општината.

- Општината логистички поддржа здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост, при организирањето на активностите со обезбедување просторни услови и медиумско промовирање на настаните преку веб-страницата и фан-страницата на Општината, весникот и сл.

- Координаторот за еднакви можности на жените и мажите постојано комуницираше со одговорните лица во Министерството за труд и социјална политика, здруженија на граѓани и жени, невладини организации, како и со Комисијата за еднакви можности (КЕМ), која одржа неколку состаноци согласно потребите во текот на работата.

- Координаторот и членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите учествуваа на повеќе обуки, јавни трибини, дебати, конференции, седници на КЕМ во Собранието на РМ и слично, на кои се здобија со информации и знаења во областа на родовата еднаквост.

- Координаторот за еднакви можности на жените и мажите води база на статистички податоци за Општината, разделени според полот и истите на крајот на годината ги ажурира.

**Изготвил**
Помлад соработник за култура
Јелена Пејановиќ

**По овластување од Градоначалник**
**Раководител на Одделение за образование, спорт и култура**
**Мери Ајдаровска**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Аеродром - пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром" број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Заклучок за усвојување Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на мажите и жените во ОА за 2014 година**

Се објавува Заклучок за усвојување Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на мажите и жените во ОА за 2014 година, донесен на триесет и втората седница на Советот на општина Аеродром, одржана на ден 23.02.2015 година.

Број 08-1583/1
24 февруари 2015година
Скопје

Градоначалник
Ивица Коневски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 66 од Статутот на Општина Аеродром – пречистен текст („Службен гласник на Општина Аеродром" број 20/2012, 21/2014, 23/2014), Советот на Општина Аеродром на 32-та седница, одржана на ден 23.02.2015 година го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на мажите и жените во ОА за 2014 година**

1. Се усвојува Извештај за реализирани активности од областа на еднаквите можности на мажите и жените во ОА за 2014 година, број 09-60/1 16.02.2015 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Аеродром".

Број 09-65/8
24 февруари 2015 година
Скопје

Претседател на Совет
на Општина Аеродром
Виктор Камилоски с.р.

# ЗАПИСНИК

од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 27.01.2014 година, со почеток во 12:30 часот

Присутни:

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 07-211/1
24.01.2014 год.
СКОПЈЕ

ПРЕТСЕДАТЕЛ: Јасминка Дамческа
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски
Мелина Голубовска - отсутна
Даниела Николова
Саша Гајиќ - отсутен

Дневен ред

1. Акциски план за еднакви можности на жените и мажите на Општина Аеродром за 2014 година-работна верзија.

Дневниот ред беше усвоен, по однос на точката од дневен ред објаснување и одговори на поставените прашања даде присутниот претставник од општинаската администрација.

Се дискутираше по однос на Планот. На крај Комисијата едногласно даде предлог да се прати Акцискиот план на одобрување (позитивно мислење) до Министерството за труд и социјална политика-сектор за еднакви можности.

Седницата на комисијата заврши во 13:30.

Претседател
Јасминка Дамческа

ЗАПИСНИК
од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 04.03.2014 година, со почеток во 13:00 часот

Присутни:

ПРЕТСЕДАТЕЛ: Јасминка Дамческа
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски
Мелина Голубовска - отсутна
Даниела Николова
Саша Гајиќ - отсутен

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 04-891/1
04.09.2014 год.
СКОПЈЕ

Дневен ред

1. Презентација на Проект зголемување на процент на жени сопственици на недвижен имот.

Присутни на седницата на Комисијата се и лицата:

- Јована Тренчевска, претставник од Секторот за еднакви можности при МТСП .
- Лидија Крстевска, стручен советник од Катастар
- Магдалена Талеска, шеф на Кабинет на директор од Катастар
- Татјана Ценова Митревска, стручен советник, Катастар.

На седницата на комисијата се дискутираше по однос на Проектот – зголемување на процентот на жени сопственици на недвижен имот каде Општина Аеродром е избрана како пилот општина заедно со општина Зелениково и општина Чаир, каде би се спровел пилот проектот. Проектот е поддржан од страна на Светска банка.

Претседателот на Комисијата, Јасминка Дамчевска кажа дека општина Аеродром би ја поддржала реализацијата на проектот.

Понатаму беа поставени прашања по однос на спроведувањето на проектот, моделот по кој ќе се работи, како и средствата потребни за истиот.

Седницата на комисијата заврши во 14:00.

Претседател
Јасминка Дамческа
Дамческа

тел. +389 (0)2 2401-548, Факс: +389 (0)2 2401 546
www.aerodrom.gov.mk

# ЗАПИСНИК

од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 14.03.2014 година, со почеток во 15:30 часот

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 07-1081/1
18.03.2014 год.
Скопје

Присутни:

ПРЕТСЕДАТЕЛ: Јасминка Дамческа
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски- отсутна
Мелина Голубовска
Даниела Николова
Саша Гајиќ - отсутен

Присутна на седницата на Комисијата е и лицето Кристина Хаџи-Василева-ментор на општина Аеродром одредена со Програмата за менторирање.

Дневен ред

1. Запознавање на менторката Кристина Хаџи-Василева-ментор на општина Аеродром одредена со Програмата за менторирање, со членовите на Комисијата
2. Претставување на Проектот отварање на Центар за ран детски развој во Долно Лисиче
3. Прецизирање на натамошни активности на комисијата и соработка со менторката

На почетокот Кристина Хаџивасилева-ментор се претстави подетално, ги претстави целите на програмата за менторирање при што понатаму наведе дека од Акцискиот план за еднакви можности на жените и мажите на Општина Аеродром за 2014 година, ќе се извлече една идеја, ќе се подготви буџет и ќе се насочат натамошните активности кон реализација на проектот. Оснвно е натаму Идејата на проектот е да биде прифатена од сите членови на Комисијата, кои натаму ќе ги изнесуваат информациите до сите членови на Советот со цел истите да бидат поддржани до целиот СОветот на општината, преку донесување на позитивни одлуки.

Координаторот за еднакви можности на Општина Аеродром, Јелена Пејанович накратко го претстави Акцискиот план за еднакви можности на жените и мажите на Општина Аеродром за 2014 година и ги изнесе досегажните активности и начинот на прибирање на информации важни за родовата еднаквост.

Претстедателот на комисијата, Јасминка Дамчевска го претстави проектот – отварање на Центар за ран детски развој во Долно Лисиче, со посебен акцент на важноста на проектот кој ќе овозможи социјализација на дечињата во единствениот рурален дел на Општина Аеродром, а тоа е Долно Лисиче, понатаму расположениeто кај населението, соработката со УНИЦЕФ. При тоа општината ќе ги покрива режиските трошоци и трошоци за вработување на лице кое ќе работи со децата, обезбедувањето на хигиенски услови за престој на дежињата. Потребна ни е менторска поддршка по однос на законската регулатива која се однесува на раниот детски развој и отварање на прашањето на еднакви можности на мажите и жените во руралните средини.

Членот на Комисијата Мелина Голубовска ги изнесе позитивните карактеристики на активностите предвидени во Акцискиот план, како и претстојниот проект за отварање на Центар за ран детски развој во Долно Лисиче и ја посочи потребата од интензивна соработка со менторката и со други

институции на централно и локално ниво и обезбедување на обуки со цел анимирање на ранливите групи и нивно вклучување во активностите за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите на Општина Аеродром.

Членот Даниела Николова истакна дека до сега сите членови на Советот позитивно одговориле и го поддржуваат работењето и активностите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Аеродром, а особено проектот за отворање на Центар за ран детски развој. Даде предлог проектот да се збогати со преземање мерки за рано сензибилирање на децата за родовите улоги.

Комисијата донесе Заклучок по детално разгледување на Акцискиот план за еднакви можности на жените и мажите на Општина Аеродром за 2014 година, да се вложат напори за проширување на проектот отворање на Центар за ран детски развој, при што на следната седница на Комисијата ќе се прецизираат натамошните чекори.

Седницата на комисијата заврши во 16:30 часот.

Претседател
Јасминка Дамческа

Република Македонија
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Совет на општина Аеродром
Бр. 07-165/1
08-05-14 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 08.05.2014 година, со почеток во 12:00 часот

Присутни:

ПРЕТСЕДАТЕЛ: Јасминка Дамческа
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски
Мелина Голубовска
Даниела Николова- отсутна
Саша Гајиќ - отсутен

Дневен ред

1. Годишен извештај за 2013 година од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром со статистички податоци;
2. Донесување Заклучок во врска со Барањето од страна на Агенција за катастар на недвижности, поврзано со давање изјава за активностите кои се реализираа во изминатиот период и состанокот со претставниците од Светска банка.

На седницата, присутните членови на комисијата го разгледаа извештајот и дискутираа по однос на истиот. На крај едногласно донесоа заклучок со кој го усвојуваат Годишниот извештај. Согласно законската регулатива, Годишниот извештај за 2013 година од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром со статистички податоци, да се достави до надлежното Министерство за труд и до Државниот завод за статистика.

Во однос на втората точка на дневниот ред Комисијата донесе заклучок дека координаторот за еднакви можности може да даде куса изјава во врска со дистрибуцијата на прашалниците, изработени од Агенцијата за катастар на недвижности и состанокот со претставниците од Светска банка, со цел и понатаму да продоложат активностите и соработката помеѓу Општина Аеродром и Агенцијата за катастар на недвижности.

Седницата на комисијата заврши во 14:00.

Претседател
Јасминка Дамческа

тел. +389 (0)2 2401-548, Факс: +389 (0)2 2401 546
www.aerodrom.gov.mk

ЗАПИСНИК
од седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, одржана на ден 09.12.2014 година, со почеток во 15:45 часот

Присутни:
ПРЕТСЕДАТЕЛ: Сања Петровска
ЧЛЕНОВИ: Бошко Стојкоски
Мелина Голубовска - отсутна
Даниела Николова
Саша Гајиќ - отсутен

Дневен ред

1. Предлог - Програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година.

На седницата, присутните членови на комисијата ја разгледаа Предлог-Програмата и дискутираа по однос на истата. На крај со 2 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН донесоа заклучок со кој ја усвојуваат Предлог - Програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2015 година и предлагаат на Советот да ја усвои.

Седницата на комисијата заврши во 16:00.

Претседател
Сања Петровска